Хартиите од вредност и останатите финансиски инструменти кои се чуваат до достасување, се вреднуваат по амортизиран трошок во согласност со МСС 39 - Финансиски инструменти, признавање и мерење .

**Група 05 – Финансиски вложувања расположливи за продажба**

Во оваа група конта поединечно се искажува вредноста на финансиски вложувања на друштвото за осигурување во хартии од вредност и други финансиски инструменти кои во согласност со МСС 39 – Финансиски инструменти – признавање и мерење и со својата деловната политкика, друштвото за осигурување ги класифицира во финансиски средства расположливи за продажба. Во оваа група се класифицираат инструментите кои не се чуваат до доспевање и кои не се чуваат за тргување, односно оние за кои не е позната намерата при купувањето (може да се предмет на продажба или може да се чуваат до доспевање).

Контата за искажување на финансиските вложувања на друштвото за осигурување во финансиски инструменти

расположливи за продажба, се класифицираат по сектори во зависност од типот на издавачот на финансискиот инструмент, а во рамките на тој критериум според видот на финансискиот инструмент и рокот на достасаност на финансискиот инструмент кој се чува до достасување, со тоа што понатаму се расчленуваат на конта на кои одвоено се искажува номиналната вредност, премијата, дисконтот, достасаноста, обезвреднувањето и акумулираната амортизација.

Хартиите од вредност и останатите финансиски инструменти кои се класифицираат во портфолиото расположливо за продажба, почетно се признаваат во деловните книги по објективна вредност (трошоци за набавка, вклучувајќи ги и транскациските трошоци). Резултатот од дополнително вредносно усогласување со објективната вредност (нереализирана добивка/загуба) се книжи како зголемување или намалување на објективната вредност на вложувањето на конта на кои е искажано вредносното усогласување со признавање на ефектот од вредносното усогласување во капиталот (одобрување или задолжување на конто 932). Реализираната добивка/загуба од продажба се пренесува од капиталот во билансот на успех (со одобрување на соодветно приходно конто од групата 72, односно задолжување на соодветно расходно конто од групата 48). Амортизација на почетно признаената премија или дисконт при купување на должнички хартии од вредност кои се класифицирани како финансиски вложувања расположливи за продажба, се признава во билансот на успех како зголемување или намалување на приходот од камати (со одобрување или задолжување на соодветно конто).

**Група 06 - Финансиски вложувања кои се чуваат за тргување (по објективна вредност преку билансот на успех)**

Во оваа група конта се искажуваат вложувањата на друштвото за осигурување во хартии од вредност и други финансиски инструменти кои друштвото за осигурување во согласност со МСС 39 и со својата деловна политика, ги класифицирало во финансиски средства кои се чуваат за тргување (по објективна вредност преку билансот на успех).

Контата за искажување на финансиските вложувања на друштвото за осигурување во финансиски инструменти кои се чуваат за тргување, се класифицираат по сектори во зависност од типот на издавачот на финансискиот инструмент, а во рамките на тој критериум според вид на финансискиот инструмент и рокот на достасаност на финансискиот инструмент кој се чува до достасување, со тоа што понатаму се расчленуваат на конта на кои одвоено се искажува номиналната вредност, премијата, дисконтот, достасаноста, обезвреднувањето и акумулираната амортизација.

Хартиите од вредност и останатите финансиски инструменти класифицирани во финансиски средства чувани за тргување (според објективна вредност преку билансот на успех), почетно се признаваат на соодветните конта во рамки на група 06 по објективна вредност (трошоци за набавка). Трансакцциските трошоци на овие средства не се вклучуваат во износот по кој првично се мери инструментот.

Резултатот од дополнително вредносно усогласување со објективната вредност (нереализирана добивка/загуба) се книжи како зголемување или намалување на објективната вредност на вложувањето на конта на кои е искажано вредносното усогласување со признавање на ефектот од вредносното усогласување во билансот на успех (со одобрување на соодветно конто од групата 72 односно задолжување на соодвтено расходно конто од групата 48).

**Група 07 – Деривативни финансиски инструменти (објективна вредност)**

На оваа група конта поединечно се искажуваат деривативните финансиски инструменти чувани за тргување, вградените деривативи и деривативните финансиски инструменти чувани за управување со ризик.

**Група 08 – Депозити, заеми и побарувања**

На оваа група конта поединечно се искажува вредноста на дадените депозити и заеми (вклучувајќи ги депозитите и заемите со девизна клаузула) побарувања по основ на дадени гаранции, некраткорочните средства наменети

за продажба и прекинати работења и останати пласмани.

Во рамки на конто 080 се искажува вредноста на дадените депозити, депозити со валутна клаузула кај банки и останати финансиски институции . Признавањето и мерењето на овие депозити се врши во согласност со МСС-39 и донесената сметководствена политика на друштвото за осигурување.

Во рамки на конто 081 се искажува вредноста на дадените заеми расчленети на краткорочни и долгорочни заеми, а понатаму по критериум на вложување од средства кои ја покриваат: математичката резерва, математичката резерва за здравствено осигурување, техничките резерви, како и вложувања од средства кои не ги покриваат техничките и/ или математичката резерва.

На конта од оваа група се искажува и исправката на вредност од вредносното усогласување на заемите кое друштвото за осигурување го утврдува во согласност со донесената сметководствена политика за вреднување на побарувањата по основ на дадени заеми. За износот на извршената исправка на вредност на пласманот се зголемуваат трошоците со задолжување на соодветно конто од групата 48 и одобрување на соодветно конто во рамки на конто 081. За износот на вредносното усогласување (намалување на исправката на вредност), кое може да настане како резултат на наплата на побарувањето за кое претходно е извршена исправка на вредност, се задолжува соодветното конто за вредносно усогласување на конто 081, со одобрување на соодветно конто од класата 7 – приходи врз основа на наплата на претходно извршена исправка на вредност на товар на трошоците. Во случај на дефинитивен отпис на побарувањето за кое претходно е извршена исправка на вредност, се задолжува соодветното конто во рамки на конто 081 а се одобрува контото на кое е книжено побарувањето кое дефинитвино се отпишува како билансна позиција, па истото, евентуално, се пренесува во вонбилансната евиденција на друштвото за осигурување.

Во рамки на конто 082 се искажуваат вложувањата во материјални и нематеријални средства кои ги исполнуваат критериумите за класификација да се чуваат за продажба (или се вклучени во групата за отуѓување класифицирани како да се чуваат за продажба), во согласност со МСФИ 5 – Нетековни средства кои се чуваат за продажба и прекинати работења.

Во рамки на конто 083 се искажуваат хартиите од вредност и останатите инструменти со кои активно не се тргува (за разлика од хартиите од вредност и останатите инструменти со кои активно се тргува а кои се искажуваат во рамки на конта од групата 06).

Во рамки на конто 089 се искажува вредноста на останатаите финансиски вложувања кои не се претходно наведени.

**Група 09 – Финансиски вложувања кај кои осигуреникот го презема инвестицискиот ризик**

Во оваа група конта поединечно се искажува вредноста на финансиските вложувања кои се искажуваат, признаваат и вреднуваат во согласност со МСС 39 и со донесената сметководствена политика, како и со одредбите од договорот за осигурување.

## КЛАСА 1 - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ, ПОБАРУВАЊА И РАЗГРАНИЧУВАЊА

На поединечните групи конта од оваа класа се искажуваат паричните средства на сметки во банка и во благајна, побарувањата од непосредни работи на осигурување, побарувањата по основ на премија за соосигурување и реосигурување, побарувањата по основ на учество во надомест на штети и останати побарувања по основ на соосигурување и реосигурување, останатите побарувања од непосредни работи на осигурување, побарувањата по основ на вложувања, останатите побарувања од работењето, како и платените трошоци кои се однесуваат на идни периоди и недоспеаната наплата на приходи.

На конта од групите 10 се искажуваат паричните средства во банка и во благајна, како и останатите парични средства.

На конта од групата 11 се искажуваат чековите, мениците и останатите парични еквиваленти.

На конта од групата 12 се искажуваат побарувања од осигуреници по основ на премија за осигурување, побарувањата од посредници во осигурувањето по основ на премија за осигурување и останати побарувања од непосредни работи на осигурување и исправката на вредност на побарувањата по основ на премија која се врши во согласност со сметководствената политика на друштвото за осигурување и со донесените супервизорски нормативи за вреднување на побарувањата по основ на премија.

На конта од групата 13 се искажуваат побарувањата од друштва за осигурување и реосигурување по основ на премија за соосигурување и реосигурување, побарувањата од краткорочни депозити по основ на договори за реосигурување, останатите побарувања од работи на соосигурување и реосигурување, како и исправката на вредност на побарувањата по основ на премија за соосигурување и реосигурување која се врши во согласност со сметководствената политика на друштвото за осигурување.

На конта од групата 14 се искажуваат побарувања од друштва за осигурување, друштва за реосигурување и ретроцесија по основ на учество во надомест на штети, како и исправката на вредност на побарувањата по основ на учество во надомест на штети која се врши во согласност со сметководствената политика на друштвото за осигурување.

На конта од групата 15 се искажуваат останатите побарувања од непосредни работи на осигурување, како што се побарувањата по основ на регрес, побарувањата од друштва за осигурување по основ на исплатени штети - услужни штети, побарувањата од друштва за осигурување по основ на надомест за исплатени штети – пристојба, побарувања од друштва за реосигурување по основ на провизија од реосигурување, побарувањата по основ на дадени аванси за штети, побарувањата од гарантен фонд по основ на неосигурани и непознати моторни возила, побарувањата од друштва за осигурување по основ на штети од гарантен фонд, останатите краткорочни побарувања од непосредни работи на осигурување, како и исправката на вредност на останатите краткорочни побарувања од непосредни работи на осигурување. Вреднувањето на овие побарувања се врши во согласност со сметководствената политика на друштвото за осигурување.

На конта од групата 16 се искажуваат краткорочните побарувања по основ на финансиски вложувања, и тоа побарувањата по основ на камати, дивиденди, побарувањата по основ на останати учества во добивката, побарувањата по основ на наемнини, како и останатите побарувања по основ на вложувања.

На конта од групата 17 се искажуваат останатите краткорочни побарувања од работењето, како што се побарувања по основ на даноци, побарувањата од вработени, побарувањата од купувачи, побарувањата по основ на дадени депозити, аванси и кауции и останататите побарувања од работењето. Вреднувањето на овие побарувања се врши во согласност со сметководствената политика на друштвото за осигурување.

На конта од групата 19 се искажуваат однапред пресметаните приходи, одложените трошоци, одложените даночни средства и останати активни временски разграничувања. Во рамки на конто 190 и 191 се прикажува недоспеаната наплата на приходи. Во рамки на конто 192 се прикажуваат одложените трошоци за стекнување. Во рамки на конто 193 се прикажуваат одложените даночни средства кои се признаваат во согласност со МСС 12 - Данок на добивка. При признавање на одложените даночни средства се врши книжење на товар на конто 193 со одобрување на конта од групата 81, освен даночниот имот кој произлегува од трансакција или деловен настан кој се признава во главнината, како и деловното спојување кое претставува стекнување (МСС 12).

## КЛАСА 2 - КРАТКОРОЧНИ И ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ, РЕЗЕРВИРАЊА ЗА ТРОШОЦИ И РИЗИЦИ И ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА И ПРИХОДИ ЗА ИДНИОТ ПЕРИОД

На поединечните групи конта од оваа класа се искажуваат обврските од непосредни работи на осигурување, обврските по основ на премија за соосигурување и реосигурување, обврските по основ на учество во надомест на штети од работи на соосигурување и реосигурување, останатите обврски од непосредни работи на осигурување, обврски по основ на финансиски вложувања, обврските спрема вработените, останатите обврски од работењето, како и одложеното плаќање на трошоци и приходи кои се однесуваат на идните периоди.

На конта од групата 20 се искажуваат обврските по основ на штети, суми на осигурување и други договорени износи по основ на сите склучени договори за осигурување, соосигурување и реосигурување; што треба да бидат исплатени на осигурениците, корисниците на осигурувањето, или трети лица, кои во вид на услуга, во име и за сметка на друштвото за осигурување ја надоместуваат штетата (автосервиси, здравствени установи и сл.). На оваа група на конта се искажуваат и останатите обврски од непосредни работи на осигурување.

На конта од групата 21 се искажуваат обврските спрема друштва за осигурување и друштва за реосигурување по основ на премија за соосигурување и реосигурување која треба да се плати, како и останатите обврски по основ на работи на соосигурување и реосигурување.

На конта од групата 22 се искажуваат обврските спрема друштва за осигурување по основ на учество во надомест на штети од соосигурување, реосигурување и ретроцесија, како и останатите обврски по основ на учество во надомест на штети.

На конта од групата 23 се искажуваат останатите обврски од непосредни работи на осигурување, како што се обврските по основ на регрес, обврските спрема друштва за осигурување по основ на исплатени штети и надомест за исплатени штети, обврските спрема гарантниот фонд по основ на неосигурани и непознати моторни возила, обврските по основ на провизија од работи на застапување и посредување во осигурување, како и обврските по основ на провизија за реосигурување, обврските по основ на депозити задржани од работи на реосигурување, обврските по основ на придонеси и членарини, обврските по основ на примени аванси, како и останатите краткорочни обврски од непосредни работи на осигурување.

На конта од групата 24 се искажуваат обврските по основ на финансиски вложувања, како што се обврските по основ на камати, дивиденди, останати обврски по основ на земени заеми и кредити, обврските по основ на издадени хартии од вредност, обврските по основ на финансиски лизинг, обврските по основ на гарантирани депозити, како останатите обврски по основ на вложувања.

На конта од групата 25 се прикажуваат обврските за резервирања, како што се резервирања за пензиски планови, отпремнини, јубилејни награди (во согласност со МСС 19 – Користи за вработените), резервирања за судски спорови, неповолни договори (МСС 37 – Резервирања, неизвесни средства и неизвесни обврски).

На конта од групата 27 се искажуваат обврските спрема вработените по основ на плати, придонеси и даноци од плати, како и останатите краткорочни обврски спрема вработените.

На конта од групата 28 се искажуваат останатите обврски кои произлегуваат од работењето на друштвото за осигурување, како што се обврските по основ на даноци, обврските спрема добавувачи, обврските по основ на депозити и кауции, обврските по договори на дело, обврските спрема ревизорски друштва, обврските спрема органи на управување, како и останатите обврски кои произлегуваат од работењето на друштвото за осигурување.

Во рамки на конто 290 се искажуваат обврските по основ на настанати трошоци за идниот период. Во рамки на конто 291 се прикажуваат пресметаните приходи за идните периоди. Во рамки на конто 292 се прикажуваат одложените приходи за кои постои неизвесност во наплатата. Во рамки на конто 293 се прикажуваат пресметаните директни провизии, а во рамки на конто 294 се прикажуваат разграничените провизии за реосигурување. Во рамки на конто 295 се искажуваат одложените даночни обврски во согласност со МСС 12 – Данок на добивка. При признавање на одложените даночни обврски се врши книжење на товар на конта од групата 81 со одобрување на конто 295, освен даночните обврски кои произлегуваат од трансакција или деловен настан кој се признава директно во главнината.

**КЛАСА 3 – ЗАЛИХИ**

На конта од класата 3 се искажуваат залихите на материјали, залихите на ситен инвентар, ситниот инвентар во употреба, залихите на спасени остатоци, исправката на вредност на ситниот инвентар, како и отстапувањето од цените на ситниот инвентар во согласност со МСС 2.

## КЛАСА 4 – ТРОШОЦИ И РАСХОДИ

На контото 4000 се прикажуваат надоместоците за штети, суми на осигурување и други договорени износи по основ на сите склучени договори за осигурување, соосигурување и реосигурување; што се исплаќаат на осигурениците, корисниците на осигурувањето, или трети лица, кои во вид на услуга, во име и за сметка на друштвото за осигурување ја надоместуваат штетата (автосервиси, здравствени установи и сл.). Книжења на товар на ова конто се вршат веднаш по извршената ликвидација на оштетното побарување, без оглед кога оштетното побарување ќе биде фактички реализирано, односно без оглед на тоа кога ќе биде исплатена штетата, сумата на осигурување, односно договорениот износ. На ова конто не се прикажуваат надоместоците за штети и други договорени износи кои се исплаќаат по основ на непознати и неосигурени моторни возила.

На контото 4001 се искажуваат трошоците поврзани со обработка и исплата на штетата, како што се трошоците за адвокатски услуги поврзани со обработка и исплата на штети, трошоци за проценка на штета и останати трошоци поврзани со обработка и исплата на штетите.

На контото 401 (на страната побарува) се искажуваат приходите по основ на реализирани регресни побарувања и спасени остатоци. Приходот по основ на реализирани регресни побарувања се признава врз основа на наплатено регресно побарување, правосилна извршна судска одлука или писмен договор склучен со регресниот должник.

На контата 402 и 403 (на страната побарува) се искажува делот за соосигурување и реосигурување во бруто исплатените штети како ставки кои ги намалуваат трошоците за штети.

На контото 404 се искажува промената (зголемување или намалување) во бруто резервите за штети. Со задолжување на ова конто (секоја промена на страната должи) се врши одобрување на конто 6030, односно 6040 кога се врши зголемување на бруто резервите за штети. Со одобрување на ова конто (секоја промена на страната побарува) се врши задолжување на конто 6030, односно 6040 кога се врши намалување (ослободување) на бруто резервите за штети.

На контото 405 и 406 се искажува промената (зголемување или намалување) на делот за соосигурување и реосигурување во бруто резервите за штети. Со одобрување на ова конто (секоја промена на страната побарува на контото 405, односно 406) се врши задолжување на контото 6031, односно контото 6041 кога се книжи делот за реосигурување во бруто резервите за штети и негово зголемување. Со задолжување на ова конто (секоја промена на страната должи на конто 405, односно 406) се врши одобрување на конто 6031, односно контото 6041 кога се намалува делот за сооигурување односно реосигурување во бруто резервите за штети.

На контата 4100, 4102 и 4103 се искажуваат промените (зголемување или намалување) во бруто математичката резерва. Со задолжување на овие конта (секоја промена на страната должи) се врши одобрување на контото 6010 кога се врши зголемување на бруто математичката резерва. Со одобрување на овие конта (секоја промена на страната побарува на контата 4100, 4102 и 4103) се врши задолжување на конто 6010 кога се врши намалување (ослободување) на бруто математичката резерва. Промените (зголемување или намалување) во бруто математичката резерва за осигурување на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот, се искажуваат преку соодветни книжења на контата 4101 и 6020.

На контото 4110, 4112 и 4113 се искажуваат промените (зголемување или намалување) во делот за соосигурување и реосигурување во бруто математичката резерва. Со одобрување на овие конта (секоја промена на страната побарува на контата 4110, 4112 и 4113) се врши задолжување на конто 6011. Со задолжување на овие конта (секоја промена на страната должи на контата 4110, 4112 и 4113) се врши одобрување на конто 6011. Промените (зголемување или намалување) во делот за соосигурување и реосигурување бруто математичката резерва за осигурување на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот, се искажуваат преку соодветни книжења на 4111 и 6021.

На контата 412, 414 и 416 соодветно, се искажуваат промените (зголемување или намалување) во бруто останатите осигурително технички резерви. Со задолжување на овие конта (секоја промена на страната должи на контата 412, 414 и 416) се врши одобрување на контата 6050, 6060, односно 6070 кога се врши зголемување на

бруто останатите осигурително технички резерви. Со одобрување на овие конта (секоја промена на страната побарува на контата 412, 414 и 416) се врши задолжување на контата 6050, 6060 и 6070 соодветно кога се врши намалување (ослободување) на бруто останатите осигурително технички резерви.

На контото 413, 415 и 417 се искажуваат промените (зголемување или намалување) во делот за соосигурување и/или реосигурување во бруто останатите осигурително технички резерви. Со одобрување на овие конта (секоја промена на страната побарува на контата 413, 415 и 417) се врши задолжување на контата 6051, 6061 и 6071. Со задолжување на овие конта (секоја промена на страната должи на контата 413, 415 и 417) се врши одобрување на контата 6051, 6061 и 6071.

На конта од групата 42 се искажуваат останатите осигурително технички трошоци, како што се трошоците за одобрени бонуси и попусти, трошоците за превентива, трошоците за исплата на штети по основ на непознати и неосигурени моторни возила, трошоците по основ на противпожарен придонес, придонес за безбедност и останати законски давачки, трошоците по основ на финансирање на супервизоркиот орган и Националното биро за осигурување, како и останатите осигурително технички трошоци, односно трошоци директно поврзани со договорите за осигурување.

На конта од групата 43 се прикажуваат трошоците за услуги. Притоа во рамки на контото 4300 се прикажуваат трошоците за провизија на застапници, друштва за застапување и осигурително брокерски друштва како и останата провизија за стекнување на осигурување. Останатите конта од оваа група ги опфаќаат трошоците за услуги на физички лица, трошоците за наемнини, банкарски услуги, телекомуникациски и транспортни услуги, услуги за одржување, премија за осигурување, маркетинг, репрезентација, спонзорства и донации, како и трошоците за останати услуги. На контото 438 се прикажува промената во одложените трошоци за стекнување.

На конта од групата 44 се прикажуваат трошоците за амортизација и обезвреднување на долгорочните материјални средства согласно МСС 16 Недвижности, постројки и опрема, како и трошоците за нематеријални средства во согласност со МСС 38 Нематеријални средства и МСС 36 Обезвреднување на средства.

На конта од групата 45 се прикажуваат материјалните трошоци од работењето, како што се трошоци за резервни делови и материјали, трошоците за канцелариски материјали, трошоците за комунални услиги, печатење обрасци, весници и списанија и останати материјални трошоци.

На конта од групата 46 се прикажуваат трошоците за резервирања, како што се резервирања за пензиски планови, отпремнини, јубилејни награди (во согласност со МСС 19), резервирања за судски спорови, неповолни договори (МСС 37 – Резервирања, непредвидени обврски и непредвидени средства) и останатите трошоци од работењето, како што се трошоците за придонеси и членарини, трошоците по основ на надоместоци за службени патувања, трошоците за управување со заеднички пензиски фонд, трошоците за даноци и други трошоци.

На конта од групата 47 се искажуваат трошоците за вработени, и тоа бруто плати за вработените (посебно се искажуваат бруто-платите за вработените во внатрешната продажна мрежа на друштвото за осигурување, бруто-платите за вработените во проценка и ликвидација на штети и останатите вработени), трошоците за дополнително пензиско осигурување и останати трошоци за вработени утврдени во согласност со закон и колективен договор.

На конта од групата 48 се искажуваат расходите по основ на финансиските вложувања, како што се расходите по основ на камати, курсни разлики, расходите по основ на намалување на вредноста на финансиските вложувања, нереализираните загуби од сведување по објективна вредност на финансиските вложувања, реализираните загуби од продажба на финансиски имот, како и останатите расходи по основ на финансиски вложувања.

На конта од групата 49 се искажуваат останатите расходи од работењето. Во рамки на оваа група се искажуваат загубите поради обезвреднување на побарувањата по основ на премија за осигурување. Притоа на контото 4950 и 4952 на страната должи се книжи износот на извршената резервација, односно отпис на побарувањата по основ на премија за осигурување во согласност со сметководствената политика на друштвото за осигурување и со донесените супервизорски нормативи за вреднување на побарувањата по основ на премија. На контото 4951 и 4953 на страната побарува се книжи износот на ослободување на резервацијата, како и наплатата на

побарувањето за кое претходно е извршен отпис.

**КЛАСА 6 – ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ**

Во рамки на класата 6 се прикажуваат техничките резерви за осигурување кои друштвото за осигурување мора да ги издвои во врска со работите на осигурување кои ги врши а кои се наменети за покривање на идните обврски што произлегуваат од договорите за осигурување и евнетуални загуби поради ризици кои произлегуваат од работи на осигурување. Промената на техничките резерви во однос на претходниот пресметковен период се искажува во рамки на контата 403, 410, 412, 414 и 416 – промени во бруто техничките резерви, освен промената во бруто преносната премија која се прикажува во рамки на конто 705.

Во рамки на конто 6000 се искажува бруто резервата за преносна премија како дел од премијата која се однесува на наредната деловна година а која по правило се пресметува за секој вид на осигурување поединечно во согласност со правилата за издвојување на преносна премија пропишани од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување. Основа за пресметка на бруто резервата за преносна премија претставува бруто полисираната премија. Бруто полисираната премија за неживотно осигурување ги вклучува сите износи на премија кои се договорени (полисирани) во тековниот пресметковен период, без разлика дали истите во целост или делумно се однесуваат на наредниот пресметковен период. Финансиските попусти кои ги дава друштвото не се одбитни ставки од бруто полисираната премија. Бруто полисираната премија за осигурување на живот, односно бруто полисираната премија за дополнителните осигурувања кон осигурувањето на живот ги опфаќа сите износи на премија за осигурување кои се доспеани (врз основа на одредбите од договорот за осигурување) во тековниот пресметковен период во однос на сите активни договори за осигурување. Бруто полисираната премија за осигурување на живот, односно бруто полисираната премија за дополнителните осигурувања кон осигурувањето на живот, вклучува: еднократно платена премија по договори за осигурување кои влегле во сила во текот на пресметковниот период или рата на премија која доспеала за наплата во текот на пресметковниот период во случај кога согласно договорот за осигурување е договорено повеќекратно плаќање на премијата. Финансиските попусти кои ги дава друштвото не се одбитна ставки од бруто полисираната премија. Кај осигурувањето на живот, како и кај другите осигурувања за кои се издвојува математичка резерва, преносната премија се искажува заедно со математичката резерва, односно истата е нејзин составен дел. Во рамки на конто 6001 (на страната должи) се искажува делот за соосигурување и реосигурување во бруто резервата за преносна премија. Бруто резервата за преносна премија се искажува на соодветна позиција во пасивата на Билансот на состојба, а делот за реосигурување во бруто преносната премија се прикажува на соодветна позиција во активата во Билансот на состојба. Во Билансот на успех се прикажува промената во бруто резервата за преносна премија и промената во делот за соосигурување и реосигурување во однос на претходната деловна година.

Во рамки на контата 6010 и 6020 се прикажува износот на издвоената математитичка резерва која друштвото за осигурување ја издвојува во однос на договорите за осигурување на живот. Математитичката резерва се состои од актуарски пресметаната вредност на идните обврските на друштвото за осигурување, намалени за актуарски пресметаната вредност на идните премии. Делот за реосигурување се прикажува на контата 6011 односно 6012 (на страната должи).

Во рамки на конто 6030 и 6040 се прикажуваат резервите за штети како вкупно проценети трошоци кои настанале или ќе настанат за решавање на сите осигурани случаи кои се случиле (без разлика дали се пријавени или не) во пресметковниот период а истите не се ликвидирани и исплатени. Начинот и методологијата за издвојување на резерви за штети е утврден во правилата за издвојување на резерви за штети пропишани од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување. Во рамки на конта 6031 и 6041 (на страната должи) се прикажува делот за соосигурување и реосигурување во бруто резервите за штети. Бруто резервите за штети се искажуваат на соодветна позиција во Пасивата на Билансот на состојба а делот за реосигурување во бруто резервите за штети се прикажува на соодветна позиција во Активата во Билансот на состојба. Во Билансот на успех се прикажува промената во бруто резервата за резервите за штети и промената во делот за соосигурување и реосигурување во резервите за штети во однос на претходната деловна година.

Во рамки на конто 6050 се прикажуваат резервите за бонуси и попусти. Резерви за бонуси и попусти се издвојуваат во висина на износот на чија исплата имаат право осигурениците врз основа на право на: (1) учество во добивката како и други права кои произлегуваат од договорите за осигурување (бонуси), освен ако за тие осигурувања не се обликува математичка резерва; (2) идни делумни намалувања на премијата (попусти) и враќање на дел од премијата за неискористеното време на осигурување поради прерано прекинување на осигурувањето (откажување). Во рамки на конто 6051 (на страната должи) се прикажува делот за соосигурување и

реосигурување во бруто резервите за бонуси и попусти. Бруто резервата за бонуси и попусти се искажува на соодветна позиција во Пасивата на Билансот на состојба а делот за реосигурување во бруто резервата за бонуси и попусти се прикажува на соодветна позиција во Активата во Билансот на состојба. Во Билансот на успех се прикажува промената во бруто резервата за бонуси и попусти и промената во делот за соосигурување и реосигурување во однос на претходната деловна година.

Во рамки на 6060 се прикажува еквилизационата резерва која се издвојува во однос на класата на осигурување на кредити, како и во однос на други класи на осигурување во согласност со закон. Оваа резерва е наменета за израмнување на нерамномерното настанување на штетни настани. Во рамки на конто 6061 (на страната должи) се прикажува делот за соосигурување и реосигурување во бруто еквилизационата резерва. Бруто еквилизационата резерва се искажува на соодветна позиција во Пасивата на Билансот на состојба, а делот за реосигурување во бруто еквилизационата резерва се прикажува на соодветна позиција во Активата во Билансот на состојба. Во Билансот на успех се прикажува промената во бруто еквилизационата резерва и промената во делот за соосигурување и реосигурување во однос на претходната деловна година.

Во рамки на 6070 се прикажуваат останатите осигурително технички резерви. Во рамки на конто 6071 (на страната должи) се прикажува делот за соосигурување и реосигурување во бруто останатите технички резерви. Бруто останатите технички резерви се искажуваат на соодветна позиција во Пасивата на Билансот на состојба, а делот за реосигурување во бруто останатите технички резерви се прикажува на соодветна позиција во Активата во Билансот на состојба. Во Билансот на успех се прикажува промената во бруто останатите технички резерви и промената во делот за соосигурување и реосигурување во однос на претходната деловна година.

## КЛАСА 7 - ПРИХОДИ

Во рамки на конто 700 се прикажуваат остварените приходи по основ на бруто полисирана премија од сите договори за осигурување склучени во тековната деловна година. Бруто полисираната премија за неживотно осигурување ги вклучува сите износи на премија кои се договорени (полисирани) во тековниот пресметковен период, без разлика дали истите во целост или делумно се однесуваат на наредниот пресметковен период. Финансиските попусти кои ги дава друштвото не се одбитни ставки од бруто полисираната премија. Бруто полисирана премија за осигурување на живот, односно бруто полисираната премија за дополнителните осигурувања кон осигурувањето на живот ги опфаќа сите износи на премија за осигурување кои се доспеани (врз основа на одредбите од договорот за осигурување) во тековниот пресметковен период во однос на сите активни договори за осигурување. Бруто полисираната премија за осигурување на живот, односно бруто полисираната премија за дополнителните осигурувања кон осигурувањето на живот, вклучува: еднократно платена премија по договори за осигурување кои влегле во сила во текот на пресметковниот период или рата на премија која доспеала за наплата во текот на пресметковниот период во случај кога согласно договорот за осигурување е договорено повеќекратно плаќање на премијата. Финансиските попусти кои ги дава друштвото не се одбитни ставки од бруто полисираната премија.
Во рамки на конто 701 се прикажуваат остварените приходи по основ на бруто полисирана премија по сите договори за сооосигурување, а на контото 702 се прикажуваат остварените приходи по основ на бруто полисирана премија по сите договори за реосигурување склучени во тековната деловна година (активно соосигурување и реосигурување).

Во рамки на конто 703 (на страната должи) се прикажува износот на премија предадена во соосигурување во согласност со склучените договори за соосигурување, а во рамки на конто 704 (на страната должи) се прикажува износот на премија предадена во реосигурување во согласност со склучените договори за реосигурување (пасивно реосигурување).

На контото 705 се прикажува промената (зголемување или намалување) во бруто резервата за преносна премија. Со задолжување на ова конто (секоја промена на страната должи на контото 705) се врши одобрување на конто 6000 кога се врши зголемување на бруто резервата за преносна премија. Со одобрување на ова конто (секоја промена на страната побарува) се врши задолжување на конто 6000 кога се врши намалување (ослободување) на бруто резервата за преносна премија.

На контото 706, односно 707 се искажува промената (зголемување или намалување) на делот за соосигурување односно реосигурување во бруто резервата за преносна премија. Со одобрување на овие конта (секоја промена

на страната побарува на контото 706, односно 707) се врши задолжување на конто 6001 кога се книжи делот за соосигурување, односно реосигурување во бруто резервата за преносна премија, односно негово зголемување. Со задолжување на овие конта (секоја промена на страната должи на конта 706 и 707) се врши одобрување на конто 6001 кога се намалува делот за сооигурување односно реосигурување во бруто резервата за преносна премија.

Во рамки на конта од групата 71 се прикажуваат останатите осигурително технички приходи, како што се приходите по основ на провизија од реосигурување и учество во добивка, приходите по основ на наплатени побарувања по основ на останати работи на осигурување и ре осигурување (освен по основ на премија за осигурување), приходите од претходни години, како и останати осигурително технички приходи.

На конта од групата 72 се прикажуваат приходите од финансиски вложувања, како што се приходите по основ на камати, курсни разлики, зголемување на вредноста на финансиските вложувања и вложувањата во материјални средства кои не служат за вршење на дејноста, нереализираните добивки од сведување на објективна вредност на финансиските и останатите вложувања, реализираните добивки од продажба на финансиски имот и материјални средства кои не служат за вршење на дејноста, приходите од амортизација на дисконтот на обврзниците, приходите по основ на дивиденди, приходите по основ на наемнини, како и останатите приходи од вложувања во финансиски и материјален имот.

На конта од групата 73 се прикажуваат останатите финансиски и други приходи од работењето, како што се приходите по основ на вредносно усогласување на нематеријални и материјални средства кои служат за вршење на дејноста, приходите по основ на некраткорочни средства наменети за продажба и прекинати работења, приходите по основ на наплатени казни, приходите по основ на дотации, грантови и субвенции, како и останатите финансиски приходи и други приходи од работењето на друштвото за осигурување.

**КЛАСА 8 - ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО**

На поединечните конта од оваа класа се искажува добивката или загубата пред оданочување, данокот на добивка или загуба, добивката или загубата по оданочување, како и распоредот на добивката за финансиската година.

**КЛАСА 9 – КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ**

Група 90 – Запишан капитал

На поединечните конта од оваа група се искажува акционерскиот капитал (основната главнина), односно вкупната вредност на издадените акции на друштвото за осигурување. Книжење во главната книга на конта од групата 90 се врши само во случај на зголемување или намалување на акционерскиот капитал. Промените на сопствениците на акции немаат влијание врз книжењата на овие конта. Податоците за сопственичката структура на акционерскиот капитал и другите податоци за сопствениците, друштвото за осигурување ги евидентира во книгата на акции и другите аналитички евиденции.

Доколку акциите во текот на емисијата или продажбата се продадат по повисока цена од номиналната, таа разлика претставува дополнително уплатени средства над номиналната вредност и истата се книжи во корист на конта од **групата 91 – Премии на емитирани акции.**

**Група 92 – Резерви**

На поединечните конта од оваа група се искажуваат законските, статутарните и останатите резерви (освен ревалоризационите) кои се формираат од остварената добивка по оданочување во согласност со законот и статутот на друштвото за осигурување.

**Група 93 – Ревалоризациона резерва**

Во рамки на контата 930 и 931 се прикажуваат резервите кои се резултат на ревалоризација на долгорочните материјални и нематеријални средства во согласност со МСС 16 и МСС 38.

Во рамки на контата 932 се прикажува нереализираната добивка/загуба врз основа на промена на објективната вредност на финансиските вложувања расположливи за продажба. Кога финансиските средства (за кои нереализираната добивка/загуба е призната во капиталот) се продадат или доколку дојде до обезвреднување на

иститe, кумулативната добивка/загуба која претходно била призната во капиталот, треба да се пренесе од конто 932 на соодветно конта во рамки на групата 72.

Во рамки на конто 939 се искажуваат останатите ревалоризациони резерви кои не се опфатени на останатите конта од оваа група, како и ревалоризационите резерви настанати во вонредни околности.

**Група 94 – Нераспределена нето-добивка или пренесена загуба**

Во рамки на конта 940, односно 941 се прикажува нераспределената добивка или пренесената загуба од претходната година. Книжење на овие конта се врши по донесување одлука врз основа на законот или статутот на друштвото за осигурување, остварената добивка или загуба од претходната година да се рапореди во категоријата нераспределена добивка, односно загубата од претходната година да се прикаже во деловните книги како пренесена загуба.

**Група 95 – Нето-добивка или загуба за тековната година**

Во рамки на конта 950 односно 951 се прикажува добивката или загубата за тековната деловна година, односно годината за која се составува финансискиот извештај. Овие конта по правило се користат за книжење на нето-добивката/загубата по оданочување која е остварена во тековната деловна година за која се составува финансискиот извештај, а се спроведува под датум 31.12. за состојбата на ова конто да се прикаже во билансот на позицијата добивка или загуба за тековната година. Книжење на овие конта се врши по донесување одлука врз основа на законот или статутот на друштвото за осигурување, остварената добивка или загуба од претходната година да се рапореди во категоријата нераспределена добивка, односно загуба од претходната година и истата да се прикаже во деловните книги како нераспределена добивка или пренесена загуба.

**Група 99 – Вонбилансна евиденција**

Вонбилансната евиденција претставува автономен дел на главната книга каде состојбата на активните и на пасивните вонбилансни записи мора да биде урамнотежена според начелото на двојно книговодство.

Во рамки на конта 990-994 се книжат активните вонбилансни записи (потенцијални средства/имот), како што се разни материјални облици на средства, хартии од вредност и останати активни вонбилансни записи. За секој од наведените записи се води аналитичка евиденција во која се обезбедуваат сите податоци за инструментите кои се предмет на вонбилансната евиденција.

Во рамки на конта 995-999 се книжат пасивните вонбилансни записи (потенцијални обврски и извори на средства). За секој од наведените записи се води аналитичка евиденција во која се обезбедуваат сите податоци за инструментите кои се предмет на вонбилансната евиденција.